Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 ноември 2022 година**

**Скопје, ноември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 ноември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записниците од 97-та, 98-та, 100-та и 102-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 1, 2, 8 и 15 ноември 2022 година

- Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија

- Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово

1. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила) (Основен суд Дебар)

2. Предлог-програма за изменување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија

3. Ценовник за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, со дополнување и Предлог-одлука

4. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје

6. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје

7. Барање согласност за нови вработувања на неопределено време на 40 машиновозачи во Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, со дополнување

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба

9. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

10. Информација за одобрување на ревидирана Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен

простор во државна сопственост-Скопје, за периодот 1 јануари 2021 година-31 декември 2021 година, со Предлог-одлука

11. Информација за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог-одлуки (компјутери)

12. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

13. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

14. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

15. Информација за преземени мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со Предлог-одлука

16. Барање за пренамена на средства од Договор склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крушево за реализација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево" (арх. бр. 05-4727/4 од 26.11.2020 година во Министерството и 03-1222/1 од 27.11.2020 година во Општина Крушево)

17. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година

18. Информација по Барање за регулирање на долг бр.11-8670/1 од 12.8.2022 година, поднесено од Општина Македонски Брод

19. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за информатичко општество и администрација, со Предлог-одлука

20. Информација за задолжување на Општина Штип преку издавање на хартии од вредност на домашниот финансиски пазар, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.159/22), со Предлог-одлука

22. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ангропалас, Кавадарци, со Предлог-решение

23. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сенигаллиа, Скопје, со Предлог-решение

24. Информација во врска со давање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на ГЛОБЕ програмата во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки

25. Информација за спроведување на ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово“ (градба и надзор)

26. Информација со предлог спогодба за заемно раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Дворце

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за локален пат од с. Барешани до манастир Св.„Меркуриј“ во с. Барешани, Општина Битола, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена Д3-спорт и рекерација, КО Орќуше, Општина Маврово-Ростуше, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со класа на намена Б3-големи угостителски единици, КО Дебреше, Општина Гостивар, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на примарна дистрибутивна гасоводна мрежа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

31. Информација за потпишување на Меморандум за соработка за спроведување на проектот „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“, со усогласен текст на Меморандум

32. Информација за усвојување на Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со Предлог-деловник

33. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Карбинци

34. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во програма 3Б-Водовод и канализација за општините, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година

35. Предлог-одлука за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Крст“ с.Осинчани, Општина Студеничани на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Гама градба ДООЕЛ Скопје

36. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за вработување на инвалидни лица заштитно Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги Вин-Им ДООЕЛ Виница на локалитетот ,,Јакимоско Поле“, Општина Виница

37. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица Гевгелија за деловната просторија на Граничен премин Богородица, Гевгелија

38. Информација за преземање на професионални војници со наврешени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2023 година

39. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кипровска Лукиќ против Северна Македонија А.бр.37953/13 и А.бр.48643/16, со Предлог-одлука

40. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Салим и други против Република Северна Македонија (А.бр.25782/19)

41. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 22“ („Сајбер коалиција 22“), во Република Естонија

42. Информација за Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 9 февруари 2022 година

43 Информација за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик

44. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (таблет компјутери за потребите на ООУ „Коста Рацин“, с.Брвеница)

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „7 Марси“, с.Челопек- Брвеница)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“, с.Стенче, Брвеница)

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“, с.Арачиново)

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“, с.Грушино)

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сами Фрашери“, с.Пирок, Боговиње)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сабедин Бајрами“, с.Камењане)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ Лирија, с.Жеровјане, Боговиње)

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Абдил Фрашери“, с.Боговиње, Боговиње)

54. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ 11 Октомври, с.Урвич, Боговиње)

55. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Дервиш Цара“, с. Долно Палчиште- Боговиње)

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово)

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, с.Романовце, Куманово)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Битолскиот конгрес“, с.Лопате, Куманово)

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“, Куманово)

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Толи Зордумис“, Куманово)

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Јероним де Рада“, с.Черкези, Куманово)

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Магдалена Антова“, Куманово)

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“, Куманово)

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Куманово)

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Наим Фрашери“, Куманово)

66. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски“, Македонски Брод

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија-Скопје

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид

69. Барање за давање на автентично толкување на член 86 став (1) од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), поднесено од пратеникот Јован Митрески

70. Барање за давање на автентично толкување на член 230 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), поднесено од пратеникот Јован Митрески

71. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2023 година, со Предлог-одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2023 година

72. Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година

73. Иницијатива од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 100/22 од 25.10.2022 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (1) и став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21)

74. Иницијатива од Наташа Шурбановска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 23 ставови 2, 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20)

75. Посебен извештај за попречување на работата на Народниот правобранител во врска со претставки за добивање на платежна картичка, ваучер за туризам или финансиска поддршка на физички и правни лица

76. Понуда од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3576 за КО Илинден, на КП бр.1435/2, викано место/улица „Џулбаш“

77. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101955 за КО Бутел, на КП бр.2487, викано место/улица „Бара“

78. Понуда од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел од КП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, евидентирано во Имотен лист бр.76602, недвижен имот-земјиште кое претставува 12/42 идеален дел од КП бр.20294/12, КП бр.20294/18 и КП бр.26222/7, евидентирано во Имотен лист бр.82671 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел од КП бр.26222/5, евидентирано во Имотен лист бр.17245

79. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.193 за КО Долна Бела Црква, на КП бр.477/3, викано место/улица „Божурица“

80. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100098 за КО Долно Лакочерej, на КП бр.2545/1, викано место/улица „Грло“

81. Понуда од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк“

82. Известување од извршителот Васко Блажевски од Скопје, доставено под И.бр.1287/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 888 за КО Коњско

83. Известување за попис на недвижност, доставено од извршител Игор Антевски од Скопје, под И.бр.74/2015

84. Кадровски прашања

85. Прашања и предлози

86. Извештај за одлуките на Советот на Европската Унија во врска со рестриктивните мерки во поглед на случувањата во Украина кон кои Република Северна Македонија се има придружено и нивно спроведување

87. Информација за извршените активности и потребни дејствија поврзани со подготовките за претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, за периодот февруари-јули 2022 година

88. Информација за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2022 година

89. Информација за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт, заклучно со третиот квартал во 2022 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

90. Информација со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“, со Акциски план

91. Информација за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот 1 јули-30 септември 2022 година

92. Годишен извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2021 година

93. Информација во врска со иницијативата од физичко лице, заведена под ИП-1 бр.08-13 од 14.02.2022, поради непочитување на Законот за употреба на јазиците

94. Информација со конкретни мерки и активности за подобрување на наплатата на побарувањата, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста

во работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје

95. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2022 година

96. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 октомври 2021 година-31 декември 2021 година, Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 јануари 2022 година-31 март 2022 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година

97. Финансиски план, Годишна инвестициска програма и Годишен план за производство на електрична енергија, на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2022 година

98. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ А.Д. Скопје за периодот април-јуни 2022 година

99. Извештај за финансиското работење за периодот 1 април 2022 година -30 јуни 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

100. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година и Одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија заради недостиг на електрична енергија и состојбата на пазарите на електрична енергија бр.08-4043/1 од 30.9.2022 година на Собрание на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

101. Информација за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22), со Предлог-одлука

102. Информација за спроведената постапка по објавениот Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со предлог-одлуки

103. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект

104. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект

105. Предлог-одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Промарк енерџи ДООЕЛ Скопје)

106. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Балкан Рињуабл инвестментс ДОО Скопје)

107. Информација за укажана ад хок потреба за финансиска поддршка на Државниот Архив на Република Северна Македонија

*
*   *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 97-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 ноември 2022 година, Записникот од 98-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 ноември 2022 година, Записникот од 100-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 ноември 2022 година и Записникот од 102-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 ноември 2022 година.

*
*   *

Пред преминување на Дневен ред

**Статус на реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија**

Владата ја разгледа Информација за реализација на капиталните расходи во Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2022 година до 18.11.2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи буџетските корисници да ги интензивираат активностите насочени кон реализација на капиталните расходи.

**Степен на реализација на Акцискиот план за надминување на проблемите со КПУ Идризово**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за постапување по препораките на КПТ (точка 8 од Извештајот 2019 и точка 5 од Извештајот 2020) за КПД Идризово по препораките на СЕБ, како материјал за информирање.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (моторни возила).

**Точка 2**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2022 година за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата по Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"- Скопје, со дополнување и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за огревно и техничко дрво и други шумски производи и услуги во Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2022 година.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје.

**Точка 7**

Владата го разгледа Барањето согласност за нови вработувања на неопределено време на 40 машиновозачи во Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со дополнување, го усвои и го задолжи Министерството за финансии веднаш да даде согласност за вработување на потребниот број машиновозачи.

**Точка 8**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор и

2.Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидирана Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за периодот 1 јануари 2021 година-31 декември 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од престанок на користење и давање на трајно користење на движни ствари без надомест во државна сопственост, со предлог-одлуки (компјутери), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа Национална и универзитетска библиотека ,,Св.Климент Охридски“-Скопје.

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје.

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј“-Скопје.

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште Математичко-информатичка гимназија во Скопје.

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Земјоделскиот институт при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Факултетот за драмски уметности при Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Националната установа-Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев“ Штип.

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје.

Истовремено, Владата заклучи Државниот завод за статистика да ги има предвид барањата на Министерството за правда и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за отстапување на ИТ опрема.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари.

**Точка 16**

Владата по Барањето за пренамена на средства од Договор склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крушево за реализација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ (арх. бр. 05-4727/4 од 26.11.2020 година во Министерството и 03-1222/1 од 27.11.2020 година во Општина Крушево) ги донесе следните заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Македонски Брод да даде позитивно мислење за зафаќање на извори од страна на Општина Крушево, согласно техничката документација со бр. 98/2015 изработена од ДОО „Генико“, Прилеп.

2. Се препорачува на Општина Крушево да ја обнови постапка за добивање на одобрение за градење во Министерството за транспорт и врски и да го имплементира Договорот склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крушево за реализација на проектот „Изградба на водоснабдителен систем за град Крушево“ (арх. бр. 05-4727/4 од 26.11.2020 година во Министерството и 03-1222/1 од 27.11.2020 година во Општина Крушево).

3. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање во своите програми да обезбедат средства за имплементација на проекти за подобрување на водоснабдувањето на населеното место Сланско, Општина Македонски Брод.

**Точка 17**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2023 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-8670/1 од 12.8.2022 година, поднесено од Општина Македонски Брод, ја усвои Информацијата и го

задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долг со должникот Општина Македонски Брод, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во вкупен износ од 1.920.370,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на седум еднакви месечни рати почнувајќи од 15.12.2022 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за информатичко општество и администрација, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за задолжување на Општина Штип преку издавање на хартии од вредност на домашниот финансиски пазар, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да го усогласи материјалот со Општина Штип и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина 4/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/22), со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини-варовник на локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа 4/2022, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.159/22.

2. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа по Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања 4/2022.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Ангропалас, Кавадарци, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сенигаллиа, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со давање на трајно користење на движни ствари во сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање за спроведување на ГЛОБЕ програмата во Република Северна Македонија, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово (за потребите на Општинско средно училиште „Ацо Русковски“).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на Основно училиште „Даме Груев“).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на Основно училиште „Свети Кирил и Методиј“).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (за потребите на Средно општинско земјоделско училиште „Кузман Шапкарев“).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Битола (за потребите на Основно училиште „Стив Наумов“).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци (за потребите на Средно општинско училиште „Богданци“).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (за потребите на Општинско основно училиште „Димитар Миладинов“).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (за потребите на Општинско основно училиште „Дане Крапчев“).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија (за потребите на Средно општинско училиште „Јосиф Јосифовски“).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров (за потребите на Општинско основно училиште „Мирче Ацев“).

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Гостивар (за потребите на Општинско основно училиште „Исмаил Ќемали“).

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на Општинско основно училиште „Лазо Трповски“)

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на Општинско основно училиште „Петар Поп Арсов“)

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (за потребите на Општинско основно училиште „Јоаким Крчовски“).

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино (за потребите на Општинско основно училиште „Гоце Делчев“).

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (Општинско основно училиште „Кочо Рацин“).

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на Општинско основно училиште „Христо Узунов“).

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на Општинско основно училиште „Кире Гавриловски-Јане“).

19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Прилеп (за потребите на Општинско основно училиште „Климент Охридски“).

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на Средно општинско училиште „Орде Чопела“).

21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (за потребите на Средно општинско училиште „Наум Наумовски-Борче“).

22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ранковце (за потребите на Општинско основно училиште „Христијан Тодоровски-Карпош“).

23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Струга (за потребите на Средно општинско училиште „д-р Ибрахим Темо“).

24. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Тетово (за потребите на Општинско средно медицинско училиште „Никола Штејн“).

25. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово (за потребите на Средно општинско училиште „Гоце Делчев“).

26. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движната ствар на Општина Велес (за потребите на Средно стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“).

27. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Вевчани (за потребите на Општинско основно училиште „Страшо Пинџур“).

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на ИПА проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води и рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Тетово“ (градба и надзор), ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање, по склучување на договорот да ја информира Владата за статусот на спроведување на проектот на квартално ниво.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог спогодба за заемно раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Дворце ја усвои Информацијата и го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна

Македонија, како концедент да ја склучи Спогодбата за заемно раскинување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Дворце заведен под број 11-2358/1 од 4.5.2020 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Проект за инфраструктура за локален пат од с. Барешани до манастир Св.„Меркуриј" во с. Барешани, Општина Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за локален пат од с. Барешани до манастир Св.„Меркуриј" во с. Барешани, Општина Битола.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена Д3-спорт и рекерација, КО Орќуше, Општина Маврово-Ростуше, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација со намена Д3-спорт и рекреација, КО Орќуше, Општина Маврово-Ростуше.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со класа на намена Б3-големи угостителски единици, КО Дебреше, Општина Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Б3-големи угостителски единици, КО Дебреше, Општина Гостивар.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на примарна дистрибутивна гасоводна мрежа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на примарна дистрибутивна гасоводна мрежа, КО Кавадарци Општина Кавадарци.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меморандум за соработка за спроведување на проектот „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан", со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за спроведување на проектот „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан" помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фармахем ДООЕЛ.

2. Го овласти Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, да го потпише Меморандумот за соработка за спроведување на проектот „Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан“, помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фармахем ДООЕЛ.

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, со Предлог-деловник, ја усвои Информацијата и го усвои Деловникот за работа на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**<u>Точка 33</u>**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Карбинци.

**<u>Точка 34</u>**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во програма 3Б-Водовод и канализација за општините, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година.

**<u>Точка 35</u>**

Владата ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Крст“ с.Осинчани, Општина Студеничани на Друштвото за градежништво, трговија и услуги Гама градба ДООЕЛ Скопје.

**<u>Точка 36</u>**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за вработување на инвалидни лица заштитно Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги Вин-Им ДООЕЛ Виница на локалитетот ,,Јакимоско Поле“, Општина  Виница.

**<u>Точка 37</u>**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Принцесс хотел и казино“ ДОО Богородица Гевгелија за деловната просторија на Граничен премин Богородица, Гевгелија.

**<u>Точка 38</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на другите институции кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа во рок од 15 дена да достават информација до Министерството за одбрана дали

имаат слободни работни места за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана по добивањето на информациите од органите на државната управа, другите институции и единици на локалната самоуправа во рок од десет дена да достави согласност за откажување на финансиски средства за тековната 2023 година за 173 професионални војници до Министерството за финансии, по месеци на нивно преземање во наведените државни органи.

**Точка 39**

Владата ја разгледа  Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кипровска Лукиќ против Северна Македонија А.бр.37953/13 и А.бр.48643/16, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Финансиските средства во вкупен износ од 4.725 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Кипровска Лукиќ против Северна Македонија А.бр.37953/13 и А.бр.48643/16, најдоцна до 12 декември 2022 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права Салим и други против Република Северна Македонија (А.бр.25782/19) и ја усвои со следните заклучоци:
1.Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Салим и други против Република Северна Македонија (А.бр.25782/19)

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантите од предметот Салим и други против Република Северна Македонија (А.бр.25782/19) ќе им исплати вкупен износ од 6.300 евра во денарска противвредност.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Cyber Coalition 22“ („Сајбер коалиција 22“), во Република Естонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за Седумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 9 февруари 2022 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ги земе предвид препораките на Европската комисија за зголемување на административните такси на претпријатијата за известување за концентрација, да ја разгледа можноста за измена на Законот за административни такси во таа насока и да ја информира Владата, најдоцна до 31.3.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии, согласно препораките на Европската комисија да се обезбеди финансиска независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ја разгледа можноста средствата од административните такси за известување за концентрација уплатени од претпријатијата да се слеваат во буџетот на Комисијата за заштита на конкуренција и за истиот да ја информира Владата, најдоцна до 31.3.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за култура да подготви Предлог на закон за изменување на Законот за авторско право и сродни права, земајќи ги предвид консултациите со Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ Скопје, Здружението на авторски музички права, Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ“ Скопје, Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација и Работната група на домашни експерти ангажирани со Решение на министерот за култура и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 30.12.2022 година.

4. Се задолжуваат Министерството за економија и Државниот завод за индустриска сопственост да извршат целосно усогласување на Законот за индустриска сопственост со Директивата за деловните тајни и Министерството за економија да го достави до Владата соодветниот предлог, најдоцна до 31.12.2022 година.

5. Се задолжува Министерството за економија да го финализира и достави до Владата Предлогот на закон за јавно приватно партнерство, најдоцна до 31.12.2022 година.

6. Се задолжува Министерството за економија да го финализира и достави до Владата Предлогот на закон за концесии на добра од општ интерес, најдоцна до 31.12.2022 година.

7. Се задолжува Министерството за здравство да го ажурира со податоци Регистарот за рак и да започне со објавување извештаи, најдоцна до 31.12.2022 година.

8. Се задолжува Министерството за здравство да подготви Предлог на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 31.12.2022 година.

9. Се задолжуваат Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, во соработка со Државниот завод за ревизија, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија информација за спроведување на препораките од ревизијата на јавните набавки поврзани со „Ковид 19“, на англиски јазик, најдоцна до 31.1.2023 година.

10. Се задолжуваат Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки, преку Секретаријатот за европски прашања, да достават до Европската комисија информација за употребата на црната листа кај јавните набавки, на англиски јазик, најдоцна до 31.12.2022 година.

11. Се задолжува Министерството за финансии да подготви патоказ со активности и рокови за примена на правилата на Европската Унија од областа слободно движење на капитал и преку Секретаријатот за европски прашања да ја информира Европската комисија, најдоцна до 31.12.2022 година.

12. Се задолжува Министерството за финансии да го финализира Законот за решавање на банки со проблеми во работењето и да го достави до Владата, најдоцна до 31.12.2023 година.

13. Се задолжува Министерството за финансии да го усогласи Законот за осигурување со Рамката за солвентност II и да го достави до Владата, најдоцна до 30.6.2023 година.

Истовремено, Владата заклучи за ефективно понатамошно функционирање на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, потребно е Поткомитетот да се усогласи со соодветните лица кои ги координираат кластерите за внатрешен пазар и конкурентност, согласно Одлуката за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за инклузија на деца Роми во предучилишно образование преку системски пристап со вклучување на единиците на локална самоуправа за ослободување од партиципација на деца Роми што се во социјален ризик и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на општините наведени во Табелата 1, да ја разгледаат можноста за ослободување од партиципација на вкупно 517 деца Роми на возраст од три до шест години за учебната 2022-2023 година, во рамки на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“ и за преземената активност да го информираат Министерството за труд и социјална политика до крајот на декември 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во јуни 2023 година да ја информира Владата за напредокот на имплементација на проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование“.

**Точка 44**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Димитар Македонски“).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на на ООУ „Гоце Делчев“).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Блаже Конески“).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Александар Македонски“).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Лазо Ангеловски“).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“).

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (таблет компјутери за потребите на ООУ „Коста Рацин“, с.Брвеница).

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ООУ „7 Марси“, с.Челопек- Брвеница).

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Брвеница (за потребите на ОУ „Гоце Делчев“, с.Стенче, Брвеница).

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеу“, с.Арачиново).

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Арачиново (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“, с.Грушино).

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сами Фрашери“, с.Пирок, Боговиње).

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Сабедин Бајрами“, с.Камењане).

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ Лирија, с.Жеровјане, Боговиње).

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Абдил Фрашери“, с.Боговиње, Боговиње).

**Точка 54**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ 11 Октомври, с.Урвич, Боговиње).

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Боговиње (за потребите на ООУ „Дервиш Цара“, с. Долно Палчиште- Боговиње).

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово).

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, с.Романовце, Куманово).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Битолскиот конгрес“, с.Лопате, Куманово).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Бајрам Шабани“, Куманово).

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Толи Зордумис“, Куманово).

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Јероним де Рада“, с.Черкези, Куманово).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Магдалена Антова“, Куманово).

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Крсте Мисирков“, Куманово).

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Куманово).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „Наим Фрашери", Куманово).

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при СОУ „Св. Наум Охридски", Македонски Брод.

Истовремено, се задолжува Министерството за образование и наука да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во смисла да преземе активности и да направи напори за рационализација на трошоците во ученичките домови и до 31 јануари 2023 година до Владата да достави Информација со соодветен предлог за рационализација на трошоците во ученичките домови.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетски институт за радиологија-Скопје.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид.

**Точка 69**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 86 став (1) од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 60 од Законот за управните спорови е уредено прашањето за усвојување на тужбеното барање од страна на судот. Имено, пропишано е дека:

(1) Ако судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

(2) Ако судот најде дека јавниот орган во утврдениот рок не го донел поединечниот акт кој според прописите требало да биде донесен, со пресудата ќе го усвои тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел, и тоа:
- доколку тужениот орган решавал по слободна оценка или
- доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба.

(4) Ако судот најде дека оспорениот управен акт бил донесен од страна на ненадлежен орган, со пресудата ќе го прогласи таквиот акт за ништовен.

(5) Доколку судот го поништи управниот акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на тужениот орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. При тоа, тужениот орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката.
(6) Кога судот постапува по изјавена тужба против управен акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање пред првостепениот орган согласно став 5, постапувајќи по тужбата должен е самиот да ја реши управната работа, при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

(7) Ако одговорното или овластеното лице, од неоправдани причини, не постапи согласно одредбите на ставот (5) на овој член, судот по предлог на тужителот или по службена должност ќе му изрече парична казна во износ од 20% од месечната плата на тоа лице.

Во Законот за управните спорови трошоците на управниот спор се пропишани во членот 86 став (1) согласно кој-„Доколку судот во упревен спор одлучува за право, обврска или правен интерес, за трошоците на постапката одлучува според одредбите од Законот за парничната постапка.“ Всушност, ставот (1) од овој член се однесува на признавање на правото на трошоци во управен спор. Во Законот за парнична постапка, насловот на главата стои ,,трошоци на постапка‘‘ и во поднасловот стои ,,парнични трошоци‘‘ што претставува разлика меѓу овие два поима. Имајќи го предвид наведеното, потребно е да се применат одделните членови од Закон за парнична постапка, а во врска со членот 86 од Законот за управните спорови.

Во ставовите (2), (3) и (4) од истиот член оваа материја е доуредена за случаи кога трошоците се предизвикани по сопствена вина на некоја од странките, доколку судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката биде запрена. За секоја од овие правни ситуации законодавецот пропишал која од странките ќе ги надомести трошоците.

Првата ситуација од ставот (2) на овој член се однесува на тоа кога странката ќе ги сноси трошоците што ги имала пред поведувањето на управниот спор, а заради прибавување докази во врска со предметот на спорот. Втората ситуација се однесува и кога странката неоправдано изостанала од рочиштето, а за тоа не ја известила спротивната странка, а пак заради одлагање на рочиштето настанале трошоци или додека една од странките е отстранета од рочиштето поради нарушување на редот во судницата, а рочиштето е одложено и настанале трошоци за спротивната странка.

Одредбата од ставот (3) на овој член се однесува на одлуките по тужбата дека странките ги сносат сите трошоци што значи дека доколку судот ја одбие тужбата, ја отфрли или ја запре постапката по тужба, секоја од странките ги сноси своите трошоци.

Во однос на ставот (4) од овој член, Вишиот управен суд, на седницата на судии, одржана на 12.11.2021 година, по однос на примена на член 86 од Законот за управните спорови со мнозинство гласови го донесе следниот заклучок:

1.Согласно член 8 точка 10 од Адвокатската тарифа која се однесува за награда за пишување писмени состави (поднесоци) таа за управен спор да се досудува во износ од 7.000,00 денари.

2.Понатаму да се досудува предвиденото во став III точка 1 од истата, односно:

• За застапување и одбрана, награда да се досудува како за состав на поднесок и саатнина од 20% за секој започнат час, освен за глава II точки 2, 3 и 4.

3.IV Награда за состав на правен лек-да се досудува како е предвидено во Адвокатската тарифа, односно за состав на редовен и вонреден правен лек и одговор на редовен и вонреден правен лек, наградата да се досуди за 50% поголема од наградата за застапување или одбрана, а ако адвокатот не учествува на расправа или претрес, наградата за 100% зголемена, освен за глава II точки 2, 3 и 4.

4.Исто така да се досудува и 30 % паушал согласно глава VI од заедничките одредби на Адвокатската тарифа, освен за глава II точки 2, 3 и 4 (кај бесплатна правна помош).

Согласно член 4 став (1) точка 3 од Законот за управните спорови-„конечен управен акт“ е оној поединечен управен акт против кој не може да се изјави жалба според прописите кои ја уредуваат управната постапка.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата за трошоците од Законот за управните спорови е јасна, а согласно повикувањето во членот 86 став (1) при определувањето на трошоците на постапката треба да се имаат предвид и одредбите од Законот за парничната постапка.

**<u>Точка 70</u>**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 230 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Барањето за давање на автентично толкување наведува дека поведува постапка за автентично толкување на член 230 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, бидејќи наведената одредба во пракса остава простор за различно толкување и не воеднанчена пресметка на највисоката пензија на осигурениците што влијае на остварувањето на ова неотуѓиво, лично материјално право.

Според член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 52 став (1) на овој закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати. Определената највисока пензија повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии.

Подносителот на Барањето за автентично толкување смета дека потребно е да се толкува делот од одредбата кога, односно во кои случаи до 2015 година највисоката пензија изнесува 80% за осигурениците кои не пристапиле во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување и по кои критериуми истата се утврдува. Иако вакви ограничувачки одредби како

материјална одредба за пресметка на највисоката пензија законот познава од 1993 година, сепак истите биле точно определени во процент и не оставаат можност за различна пресметка и примена, додека постојната одредба од членот 230 став (1) од законот во определувањето на процентот употребува поинаква формулација „не може да изнесува повеќе од 80%"за период од влегувањето во сила на законот (август 2012 година) до 2015 година, што остава можност за различна примена и нејасна пресметка, непозната за осигуреникот кој треба да го оствари ова право. Заради обезбедување на правна сигурност и еднаквост на граѓаните пред законите, како и конзистентност на правниот систем потребно е да се појасни кога и кои осигуреници кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување до 2015 година, го оствариле ова право на пресметка како највисока основица во процент од 80%.

Во Република Северна Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 44/14, 192/15, 30/16, 28/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19 и 103/21), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 13/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21) и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.11/12, 147/15 и 30/16).

Согласно член 2 став (1) алинеја 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, системот на пензиското и инвалидското осигурување покрај другото е составен и од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, односно втор столб. Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску се уредени со посебни закони.

Согласно член 3 од истиот закон, со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Согласно член 4 од истиот закон, правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика на Република Северна Македонија. Во пензискиот систем се внесе и капитално финансирана компонента, односно се создаде правна рамка за остварување и на ануитет во зависност од уплатениот придонес и приносот остварен во текот на работниот век. Законот за пензиското и инвалидското осигурување се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните согласно член 34 од Уставот на Република Северна Македонија, начелото на социјална праведност за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и членовите на нивните семејства. Исто така, во овој закон е содржано и начелото на генерациска солидарност, покрај капитално финансираната компонента.

Со членот 230 и понатаму се задржува институтот највисока пензија, и тоа за осигурениците кои нема да пристапат во капитално финансирано пензиско осигурување (II пензиски столб). Единствена измена кај највисокиот износ на старосна пензија е нејзиното постепено намалување и тоа по 2015 година, но не повеќе од процентите утврдени со членот 52 став (1) од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати. Истовремено, намалувањето на процентите при определување на највисокиот износ на пензија се резултат на параметричките реформи, при што за осигурениците кои ќе останат во системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување постепено се намалува процентот за определување на висината на старосната пензија. Ова решение беше содржано и во претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување кој се применуваше до 8 август 2012 година, односно во членот 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Освен тоа, ако членот 230 од Законот интегрално се интерпретира со членот 226 од истиот закон, според кој на корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на влегување во сила на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон, сосема е јасно дека со членот 230 не се врши намалување, односно ограничување на највисоката пензија на корисниците туку напротив, со него се утврдува нов начин за определување на највисоката пензија кој ќе важи во иднина, за идните пензионери.

Согласно член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за осигурениците кои не се членови во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување (втор пензиски столб) се утврдува највисок износ на пензија, чиј износ до 2015 година изнесува 80% од просечната нето-плата исплатена во Републиката, додека по 2015 година највисоката пензија за овие осигуреници изнесува не повеќе од процентите утврдени во членот 52 став (1) од овој закон од просечната нето-плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати.

Имајќи предвид дека одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување се јасни и прецизни, Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на одредбите од членот 230 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22).

**<u>Точка 71</u>**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2023 година, со Предлог-одлука за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 103/21), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување доставува

финансиски план за наредната година на усвојување на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември во тековната година.

Агенцијата го утврдува Финансискиот план за 2023 година врз основа на реализацијата на Финансискиот план за 2022 година, очекуваните надоместоци и други приходи во 2023 година, реализирањето на започнатите активности и нови активности според Годишната програма за работа на Агенцијата за 2023 година и планираните расходи за 2023 година.

Врз основа на доставениот Финансиски план за 2023 година, Агенцијата планира да оствари вкупно приходи во износ од 85.000.000 денари. Од вкупните планирани приходи 78.000.000 денари се очекува да се реализираат со наплата на месечен надомест од пензиски друштва, додека 5.500.000 денари е приход врз основа на административни надоместоци и истиот зголемен во однос на претходната година поради дополнително лиценцирање на ново пензиско друштво во 2022 година. Во планираните приходи за 2023 година согласно очекуваниот раст на каматите и Одлуката за распределба и вложување на вишок на приходи на Агенцијата се планирани приходи кои Агенцијата очекува да ги наплати од орочени депозити од резервниот фонд во одделни банки во износ од 1.500.000 денари.

Вкупните расходи планирани за 2023 година согласно финансискиот план се во износ од 84.630.000 денари. Разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата во 2023 година е во износ од 370.000 денари и истите согласно член 56-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ќе ги уплати во резервниот фонд.

Вкупните расходи за 2023 година на Агенцијата се за 11,2% повисоки во однос на вкупните расходи во 2022 година.

Според доставениот аналитички преглед на приходи и расходи на Агенцијата, остварените приходи до 30.8.2022 година се во износ од 50.120.996 денари, додека за периодот август-декември 2022 година се планирани да се остварат дополнителни приходи во износ од 35.381.936 денари, односно вкупно планираните приходи од 85.502.932 денари за 2022 година во однос на планираните приходи од 85.000.000 денари за 2023 година.

Во планирани расходи за 2023 година споредбено со 2022 година, зголемување се предвидува во следните ставки:

Значајно зголемување во 2023 година се забележува кај интелектуалните и други услуги во ставката за обуки за стручно усовршување, семинари и конференции кои се за 80% зголемени. Зголемување на расходите се планира на ставката средства за градежни објекти, каде се предвидува нова подставка во износ од 2.500.000 денари за соларни панели-фотоволтаици.

Доколку планираните средства за соларни панели-фотоволтаици, согласно препораката на Владата за инвестиции во обновливи извори се однесуваат и на државни институции, во тој случај Владата на Република Северна Македонија нема забелешки за планираните средства за ова намена. Истовремено, за ставката за обуки за стручно усовршување, семинари и конференции за која се предвидува зголемување за 80%, се предлага Агенцијата да изврши преоценка на висината на средствата за оваа намена за 2023 година.

Во ставка 2 Планирани расходи, потставка 2.1 Потрошени материјали предвидени се вкупните расходи за 2023 година да изнесуваат 810.000 денари кои се повисоки за 33% во однос на планирани расходи за 2022 година поради зголемената промена на цената на горивата.

Зголемување има и во потставката 2.2 потрошена енергија и комунални услуги за околу 71% како резултат на промена на цените во слободниот пазар за електрична енергија и комунални услуги. Со цел на подигање на свеста за финансиска едукација и финансиска инклузија во јавноста, како за Репрезентација која се однесува за организирање настани и набавки, човечки ресурси за Агенцијата во потставката 2.6 планираните расходи од 800.000 денари се повисоки за 14% во однос за 2022 година. Во делот Премии за осигурување по основ за 2022 година планираните расходи се повисоки за 27% за 2023 година. Поттикнувањето на развој на капитално финансирано пензиско осигурување во потставката Интелектуални и други услуги, исто така, има повисоки расходи од планираните за 40% во износ од 4.060.000 денари за 2023 година, за потребата на регулатива во капитално финансирано пензиско осигурување поради Објава на огласи. Исто така, значително повисоки се и расходите за градежни материјали, вкупната проценета вредност изнесува 3.150.000 денари. На ставката вкалкулирани плати и надоместоци согласно препораките за покачување на платите планирани расходи за 2023 година се повисоки за 14 %. Даноците и придонесите кои не завист од резултат по истиот основ за 2022 година согласно проекциите за надоместоци и други трошоци се повисоки односно предвидени се 450.000 денари за 2023 година.

Финансискиот план не содржи податок колку вкупно изнесува Резервниот фонд на МАПАС се смета дека истиот треба да се прикаже како посебна ставка во рамките на вкупните приходи на Агенцијата.

Во Предлог-одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2023 година, висината на надоместокот се предвидува да изнесува 0,7% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиските фонд со кои управува пензиското друштво. Во образложението на Предлог-одлуката согласно член 56 став (3) за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување со Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10), месечниот надомест што Агенцијата го наплатува на товар на пензиските друштва изнесува најмногу до 0,8% од секој уплатен придонес во претходниот месец, но според пресметките за планирани приходи и расходи на Агенцијата за 2023 година месечниот надоместок треба да изнесува 0,7%, односно за оценката за надоместок за 2023 година беше изготвена анализа на расходната и приходната страна од финансирањето на Агенцијата. За расходната страна беа користени предвидените расходи на Агенцијата согласно Финансискиот план за 2023 година, додека за приходната страна беа изготвени анализи врз основа на проекциите на приливи на придонеси во задолжителните и доброволните пензиски фондови, како и дел од заштедите кои Агенцијата ги остварувала во претходните години.

Агенцијата во однос на вториот и на третиот столб има исти обврски во делот на регулирање и супервизија на друштвата, на пензиските фондови и на чуварите на имот кои функционираат во рамките на третиот столб, поради што се утврдува иста висина на надомест за пензиските друштва пресметан врз основа на придонесите во задолжителните и доброволните пензиски фондови.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2023 година и Предлог-одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2023 година.

## Точка 72

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот содржи сублимат на работењето на Регулаторната комисија за домување и реализираните активности во првата половина од годината, согласно законските надлежности.

Имајќи превид дека презентираните финансиски показатели не се во согласност со трезорската евиденција, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата предметниот Извештај соодветно да се корегира.

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата од Славко Лазовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр. 100/22 од 25.10.2022 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (1) и став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и притоа го утврди следното мислење:

Од текстот и содржината на Иницијативата произлегува дека со истата се оспорува членот 35 став (1) и став (2) од Законот за експропријација и воедно се бара да се укине горе наведената законска одредба во делот „во рок од десет години“ и „шест години“ и ставот (2) во целост.

Според наводите во Иницијативата оспорената законска одредба е во директна спротивност со членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија, според која одредба се гарантира правото на сопственост, кое може да се одземе или ограничи само доколку се реализира јавниот интерес, а доколку истиот не биде реализиран органот за експропријација треба да му го врати имотот на поранешниот сопственик.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Според член 35 став (1) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/116, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), по барање на поранешниот сопственик ќе се поништи правосилното решение за експропријација во целост или делумно ако во рок од 10 години не е реализирана целта заради која е извршена експропријација за градење објекти, односно изведување на работи од значење за Република Северна Македонија, односно шест години за градење на објекти или изведување на работи од локално значење.

Според став (2) од овој член, барањето за поништување на решението за експропријација може да се поднесе по истекот на роковите од став (1) на овој член, но најдоцна до 15 години од денот на правосилноста на решението за експропријација.

Имено, одредбите од членот 35 од Законот за експропријација се однесуваат на институтот деекспропријација, односно враќање на недвижноста на поранешниот сопственик по донесено правосилно решение за експропријација.

Правосилното решение за експропријација може целосно или делумно да се поништи и тоа во рок од 10 години доколку не е реализирана целта заради која е извршена експропријацијата.

Рокот изнесува 10 години за поништување на правосилно решение за експропријација во случаите на градење објекти, односно изведување работи од значење за Република Северна Македонија затоа што согласно Законот за градење изградбата на овие објекти, односно изведувањето работи од значење за Република Северна Македонија треба да завршат во рок од 10 години (член 68 став (2), став (3), точка 1). Кога станува збор за поништување на правосилно решение за експропријација (целосно или делумно), донесено заради реализација на јавен интерес од локално значење, рокот изнесува 6 години и е идентичен со рокот за изградба на објекти од втора категорија утврден со Законот за градење (член 68 став (2) точка 2). Рокот од 10, односно 6 години претставува релативен преклузивен рок, додека апсолутниот рок, согласно овие одредби, изнесува 15 години од правосилноста на решението за експропријација.

Истиот орган, односно органот за експропријација што го донел решението за експропријација одлучува и за барањето за поништување на решението за експропријација. Постапката за поништување на решението и определувањето на надоместокот што треба да се врати при поништувањето на решението за експропријација се идентични со постапката за експропријација (расправа за спогодување, донесување решение, доставување на предметот до вонпарничниот суд, ако не се постигне спогодба за враќање на надоместокот).

Со оглед дека од наводите во Иницијативата неспорно произлегува дека во конкретниот случај воопшто не е аргументирано од кои причини со оспорената законска одредба се повредува членот 30 од Уставот, во кој е пропишано дека никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Меѓутоа, токму со оспорената законска одредба се предвидува можноста, односно правото на поранешниот сопственик да побара поништување на актот со кој постапката за експропријација е правосилно окончана, односно враќање во сопственост на недвижноста на поранешниот сопственик по донесеното правосилно решение за експропријација, ако во рок од 10 години не е реализирана целта заради која е извршена експропријација за градење објекти, односно изведување на работи од значење за Република Северна Македонија, односно шест години за градење на објекти или изведување на работи од локално значење, односно и по истекот на роковите од утврдени во членот 35 став (1) на овој закон, но најдоцна до 15 години од денот на правосилноста на решението за експропријација.
Воедно, се укажува дека по заснованото право на сопственост на експроприраната недвижност на Република Северна Македонија, титулар на сопственоста е државата, која ги определува условите и начинот за одземањето и ограничувањето на правото на сопственост и на имотните права на недвижностите заради реализација на јавен интерес утврден со закон, а заради градење на објекти и изведување на други работи, утврдување на јавниот интерес, постапката за експропријација, постапката за определување на пазарниот надоместок, како и условите и роковите за поништување на правосилните решенија за експропријација, а законската регулатива со која се уредува постапката за експропријација е Законот за експропријација, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (1) и став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/116, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), да ја отфрли како неоснована.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Иницијативата од Наташа Шурбановска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.101/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 23 ставови 2, 3 и 4 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20) и притоа го утврди следното мислење:

Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) е системски закон кој претставува основа за изготвување на Законот за урбанистичко планирање и согласно истиот во членот 22 став (1) точка 1 е предвидено дека општините ги вршат работите на урбанистичкото планирање, (урбано и рурално) и ги носат урбанистичките планови, како работи од јавен интерес од локално значење.

Со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), се уредува системската и хиерархиската уреденост на урбанистичкото планирање во системот на просторното и урбанистичкото планирање, целите и начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот, видовите и содржината на урбанистичките планови, условите за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање, постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови, надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон, а воедно, се уредува и прашањето за важењето на урбанистичките планови и нивната суспензија.

Согласно член 23 ставови (2), (3) и (4) од Законот за урбанистичко планирање е пропишано дека:

„(2) Ако Одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине во целост, донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за изработување и донесување на нов урбанистички план за истиот плански опфат по постапка од членот 21 од овој закон, а ако Одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине за дел од планот односно за одредени негови плански одредби, донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за изработување и донесување на изменување и дополнување на укинатиот дел од планот по постапка од членот 31 од овој закон.

(3) Ако Одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укине врз основа на пропуст во постапката за донесување, донесувачот на планот може да го донесе истиот план со постапка што ќе се состои само од спроведување на делот од постапката за кој се однесува пропустот и истиот бил основ за укинувањето.

(4) Доколку при спроведувањето на постапката од ставот (3) од овој член произлезат и неопходни измени во планското решение, тогаш донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за донесување на нов урбанистички план по постапка од членот 21 од овој закон.“

Со оспоруваната одредба на член 23 став (2), се предвидуваат случаите на отпочнување на постапка за изработување и донесување на нов урбанистички план за истиот плански опфат, кога одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укинува во целост, како и отпочнување постапка за изработување и донесување на изменување и дополнување на укинатиот дел од планот, кога одлуката за донесување на урбанистичкиот план се укинува за дел од планот, односно за одредени негови плански одредби.

Со оспоруваниот став (3) од истиот член се предвидува дека донесувачот на планот може да го донесе истиот план доколку одлуката за донесување на урбанистичкиот план е укината врз основа на направен пропуст во постапката за донесување.

Додека со оспоруваниот став (4) од истиот член се предвидува дека донесувачот на планот е должен да отпочне постапка за донесување на нов урбанистички план кога при спроведувањето на постапката од ставот (3) произлезат неопходни измени во планското решение.

Имајќи ги предвид горе цитираните одредби, Владата укажува дека целта на законодавецот не е да ги толкува одлуките на Уставниот суд на Република Северна Македонија, туку да ја прецизира постапката во предвидените случаи на оспоруваните ставови, преточена во законска регулатива, истата да биде јасна, ефикасна во нејзиното спроведување и веднаш применлива, со оглед на тоа дека урбанистичкото планирање кое го опфаќа уредувањето и хуманизацијата на просторот, заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата, како и зачувувањето на природните и културните вредности на просторот е од несомнен јавен интерес.

Оттука, погрешни се наводите во Иницијативата на подносителот, кој наведува дека оспорениот член 23 ставови (2), (3) и (4) од Законот за урбанистичко планирање не се во согласност член 8 став 1 алинеи 3 и 4, член 51 ставови 1 и 2 и член 112 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно дека ги загрозува темелните вредности на уставниот поредок, како што се владеење на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија  предметната Иницијатива да ја отфрли.

**Точка 75**

Владата го разгледа Посебниот извештај за попречување на работата на Народниот правобранител во врска со претставки за добивање на платежна картичка, ваучер за туризам или финансиска поддршка на физички и правни лица и врз основа на мислењата на Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Управата за јавни приходи, Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Согласно член 25 став 1 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18), Народниот правобранител може попречувањето на работата од членот 24 став 4 од овој закон со посебен извештај да го информира непосредно повисокиот орган, функционерот кој раководи со органот од членот 2 од овој закон или Владата на Република Северна Македонија, а доколку тие не ги преземат потребните мерки, Собранието на Република Северна Македонија, а според став 2 од овој член, Владата на Република Северна Македонија по приемот на посебниот извештај за попречувањето на работата на Народниот правобранител на седница на која задолжително присуствува функционерот или службеното лице што раководи со органот од членот 2 од овој закон на кој се однесува посебниот извештај како и Народниот правобранител, расправа и

зазема став со предлог-мерки, а за преземените мерки го известува Народниот правобранител во рокот утврден во посебниот извештај.

Доставениот материјал се однесува на Посебниот извештај на Народниот правобранител во кој укажува дека постапувајќи по претставки поднесени поради недобивање платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги, ваучер за домашен туризам или финансиска поддршка, согласно законските овластувања известува до Владата на Република Северна Македонија и укажува на потребата од преземање на дејства за отстранување на констатираните повреди на именуваните лица и тоа на начин што ќе им го обезбеди правото за добивање платежна картичка, ваучер за туризам или финансиска поддршка.

Во предметниот извештај се наведени пропусти и недостатоци, како и констатација дека по насоките на Народниот правобранител не е постапено. Следствено, а во врска со наведените неправилности дека при издавањето на платежните картички наменети за купување на македонски производи и услуги, ваучери за домашен туризам или финансиска поддршка, согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници, преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на домашни производи и услуги за време на вонредна состојба, односно Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции ве известува за следното:

"согласно член 3 и член 5 од Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.141/20 како надлежни институции кои имаат овластувања да приберат, подготват и испорачаат податоци во криптирана форма (пристапот до податоците е ограничен на лица кои се за тоа овластени, но не и на сите лица) се наведени Управата за јавни приходи за изготвување на листа за корисници, Генералниот секретаријат на Влада на Република Северна Македонија листата добиена од Управата за јавни приходи ја проследува до Министерството за економија кое ја спроведува мерката;

"согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.137/20, согласно член 3 став 1 листа на граѓани со низок доход изготвува Управата за јавни приходи, согласно член 3 став 2 листа на млади корисници изготвува Министерството за образование и наука и согласно член 3 став 3 листа на здравствени работници изготвува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Наведените институции овие податоци ги доставуваат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кој ја составува конечната листа и истата ја доставува до банките кои вршат дистрибуција на платежните картички.

"согласно Законот за финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, донесен на 5.12.2020 година и објавен во Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр.290/2021 од 7.12.2020 како дел од четвртиот пакет мерки за поддршка за справување со последиците од „ковид-19“, односно неговиот член 3 од Законот, подготовката на листите на лицата на кои им следува финансиска поддршка и кои спаѓаат во категориите кои ги опфаќа законот се обврска на институцијата надлежна за соодветната категорија и таа имаше обврска да ги достави до Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија (постапката е опишана во законот). Третманот на податоците согласно член 3, т.13 е согласно Законот за заштита на личните податоци и истите во врска со овој Закон, како и по претходните две наведени Уредби се доставувани како криптирани податоци до и помеѓу институциите надлежни за реализација на мерките.

Со оглед на горенаведеното Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, нема пристап до ваквите податоци, како и до податоците од поднесените приговори за кои, исто така, е предвидена соодветна постапка во законот (роковите се истечени во 2020 година).

Во врска со горенаведените шеми на помош, по Уредбите не е предвидена посебна постапка за приговори, додека за шемата од Законот истата е предвидена во Законот.

Врз основа горенаведеното Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции не учествува во процесот на имплементација и реализација на мерките на оперативно ниво така што за наведената регулатива како и за лицата наведени во извештајот на Народниот правобранител нема податоци.

Дополнително, Владата на Република Северна Македонија на 6.4.2020 година го пушти во употреба и првиот контакт центар наменет за поддршка на компаниите и граѓаните во врска со прашања за економските мерки во услови на спречување со кризата предизвикана од „ковид-19“. На 8.5.2020 година, владиниот контакт центар освен агентите од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македониј, се прошири со агенти од седум други институции (Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Министерство за економија, Министерство за информатичко општество и администрација, Развојна банка на Република Северна Македонија, Министерство за труд и социјална политика и Агенција за вработување на Република Северна Македонија. Почнувајќи од 6.4.2020 година, заклучно со 31.7.2020 година остварени се 11.509 повици или во просек 1.151 повици по агент/агентка. Значајно е да се напомене дека покрај поплаки преку јавувања во контакт центарот до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции пристигнуваа и поплаки и преку други начини на комуникација. Достапните податоци беа споделени со надлежните институции имајќи предвид дека Кабинетот нема статус на обработувач на податоците, а истовремено за активностите на овој контакт центар и констатираните неконзистентности беше доставена за расправа на седница на Владата Информација за работењето на владиниот контакт центар за информации за економските и другите поврзани мерки донесени за справување со негативните економски и социјални последици од „ковид-19“ со известување за поплаките од граѓаните и анализа на проблемите и отворените прашања.

Согласно Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.141/20), Министерството за економија преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја доби Листата на корисници на ваучер за домашен туризам изготвена од Управата за јавни приходи.

Согласно Уредбата, на Листата на корисници на ваучери за туризам се евидентирани сите лица кои се во работен однос и кои за периодот јануари-април 2020 година оствариле доход само по основ на плата и надоместоци на плата во нето износ не поголем од 60.000 денари на ниво на полно работно време, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи да користат ваучер во вредност од 6.000 денари во угостителските објекти за сместување во Република Северна Македонија.

Преку интернет платформата www.kupuvamdomashno.gov.mk со внесување на својот ЕМБГ на граѓаните им беше овозможено сами да проверат дали се добитници на ваучер за туризам со можност за поднесување за приговор доколку не им е одобрен ваучер.

Заклучно со 15.6.2020 година до Министерство за економија биле пристигнати вкупно 39.750 барања преку електронска пошта со приговори и истите до 26.6.2020 година биле одговорени.

Од нив 25.321 биле приговори кои ги исполнуваат условите согласно листата од Управата за јавни приходи, но истите немале адреса за е-пошта пријавена во Управата за јавни приходи или истата им била невалидна, на кои по корекција на адресата за е-пошта им бил испратен ваучерот преку електронска пошта. Министерството за економија на 23.6.2020 година до Управата за јавни приходи испратил допис со 2.434 приговори на лица кои требало да се проверат дали ги исполнуваат услови како и дополнително на 27.6.2020 година бил испратен список со 10.823 лица за проверка.

Заклучно со 7.7.2020 година преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за економија добило список на проверени податоци од кои 180 биле одобрени приговори и истите биле дополнително внесени на платформата. Сите ваучери кои биле искористени во некој од угостителските објекти за сместување со кои Министерството за економија претходно склучил договор за соработка, биле евидентирани на интернет платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk.

Согласно горенаведеното, Министерството за економија имало надлежност да посредува во делот на електронското испраќање на ваучерот за туризам на корисниците како и организирање на угостителските објекти и исплата на фактурите по искористување на ваучерите, додека истото не одлучуваше и не одобруваше ваучери за корисниците бидејќи не располагало со податоците за вработени и невработени лица, за нето-плата и други приходи на граѓаните, односно постапувало според доставените податоци од Листата изготвена од Управата за јавни приходи.

Според Управата за јавни приходи, „Граѓаните со низок доход“ се државјани на Република Северна Македонија кои се евидентирани како други лица кои бараат работа (пасивен барател на работа) во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заклучно со 27.9.2020 година, кои за периодот јануари-август 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 120.000 денари согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи. За целите на изготвувањето на Листата на граѓани со низок доход корисници на финансиска помош, податоци до Управата за јавни приходи доставува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на законот.

На листата на граѓани со низок доход која ја доставил Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од наведените лица во дописот се има најдено само Атанас Богев, но не се квалификувал да оствари финансиска помош затоа што утврдено е дека остварил доход поголем од 120.000 денари, односно остварил нето доход во износ од 135.792 денари по основ на договори за повремено или привремено вршење на услуги.

За причината зошто лицата Рами Ибраими и Виолета Трајковска (за ова лице сме доставиле одговор до Народниот правобранител на Република Северна Македонија на 10.12.2020 година) не се нашле на Листата на граѓани со низок доход потребно е да се обратите до Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

За целите на изготвување на Листа на корисници на старосна пензија, податоци до Управата за јавни приходи доставува Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на Законот. Посочените лица Зора Коцевска од Тетово и Живка Вељанова од Тетово се наоѓаат во листите кои се доставени до Вас и тоа во листата со назив „Starosni.xlsx", кои ви беа испратени во оригинал, како што беа доставени од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија.

По однос на Посебниот извештај на Народниот правобранител, Министерство за здравство во наведениот период нема преземено активности.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Дојчиновска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3576 за КО Илинден, на КП бр.1435/2, викано место/улица „Џулбаш" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.101955 за КО Бутел, на КП бр.2487, викано место/улица „Бара" и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лорија Ваневска од Куманово за продажба на недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел од КП бр.20294/14 и КП бр.20294/15, евидентирано во Имотен лист бр.76602, недвижен имот-земјиште кое претставува 12/42 идеален дел од КП бр.20294/12, КП бр.20294/18 и КП бр.26222/7, евидентирано во Имотен лист бр.82671 и недвижен имот-градежно земјиште кое претставува 24/42 идеален дел од КП бр.26222/5, евидентирано во Имотен лист бр.17245 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.193 за КО Долна Бела Црква, на КП бр.477/3, викано

место/улица „Божурица“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100098 за КО Долно Лакочереј, на КП бр.2545/1, викано место/улица „Грло“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска-Заева од Струмица, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13308 за КО Струмица, на КП бр.7859, викано место/улица „Чомлк“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и негативното мислење од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 82**

Владата го разгледа Известувањето од извршителот Васко Блажевски од Скопје, доставено под И.бр.1287/22, за недвижен имот запишан во Имотен лист број 888 за КО Коњско и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 83**

Владата го разгледа Известувањето за попис на недвижност, доставено од извршител Игор Антевски од Скопје, под И.бр.74/2015 и по Известувањето ги усвои мислењата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

**Точка 84**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 85**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 10 ноември 2022 година до 16 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на

топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 17 ноември 2022 година до 23 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 10 ноември 2022 година до 16 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 17 ноември 2022 година до 23 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 10 ноември 2022 година до 16 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 17 ноември 2022 година до 23 ноември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 86**

Владата го разгледа Извештајот за одлуките на Советот на Европската Унија во врска со рестриктивните мерки во поглед на случувањата во Украина кон кои Република Северна Македонија се има придружено и нивно спроведување, како материјал за информирање.

Истовремено, Министерството за надворешни работи, да ја разгледа можноста рестриктивните мерки во поглед на случувањата во Украина да ги објавува на веб-страницата на Министерството.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените активности и потребни дејствија поврзани со подготовките за претседавањето на Република Северна Македонија со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2023 година, за периодот февруари-јули 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираниот проект за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за прераспределба на неискористените средства до пропишаниот лимит до 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби кај буџетските корисници од централната власт, заклучно со третиот квартал во 2022 година, согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Преземени мерки и политики од страна на Република Северна Македонија/надлежни органи со цел ублажување на климатските промени“, со Акциски план, како материјал за информирање.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за продажбата на акциите и уделите од вкупниот капитал на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија стекнат по основа на трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во периодот 1 јули-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 92**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Иницијативата од физичко лице, заведена под ИП-1 бр.08-13 од 14.2.2022, поради непочитување на Законот за употреба на јазиците, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за транспорт и врски да му укаже на ТАВ Македонија ДООЕЛ Мралино, Илинден да постапи согласно наводите од Записникот и

Решението по инспекцискиот надзор од страна на Државниот инспекторат за употреба на јазиците.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата со конкретни мерки и активности за подобрување на наплатата на побарувањата, навремено измирување на обврските и мерки за подобрување на ликвидноста во работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 95**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје, за периодот 1 април-30 јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ги разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 октомври 2021 година-31 декември 2021 година, Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 јануари 2022 година-31 март 2022 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година, како материјали за информирање.

**Точка 97**

Владата ги разгледа Финансискиот план, Годишната инвестициска програма и Годишниот план за производство на електрична енергија, на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работата на М-НАВ А.Д. Скопје за периодот април-јуни 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење за периодот 1 април 2022 година-30 јуни 2022 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр.41-7438/1 од 25.8.2022 година и Одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на целата територија на Република Северна Македонија заради недостиг на електрична енергија и состојбата на

пазарите на електрична енергија бр.08-4043/1 од 30.9.2022 година на Собрание на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука.

**Точка 101**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за одобрување на финансиски средства на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно Одлуката за постоење кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија бр.41-7438/2 од 25.8.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.188/22) и Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија бр.08-4044/1 од 30.9.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/22), со Предлог-одлука.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведената постапка по објавениот Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Скопје, Свети Николе, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Кочани, Виница, Делчево, Гостивар, Демир Хисар, Битола, Охрид, Ресен и Кичево, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Мирковци“ на користење-концесија.
2. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Црешево“ на користење-концесија.
3. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Бунарџик“ на користење-концесија.
4. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Миладиновци“ на користење-концесија.
5. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 9 „Градманци“ на користење-концесија.
6. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 12 „Зелениково“ на користење-концесија.
7. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 15 „Рамниште“ на користење-концесија.
8. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 16 „Жеден“ на користење-концесија.
9. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 17 „Кучково“ на користење-концесија.
10. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Кишино“ на користење-концесија.
11. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Џумајлија“ на користење-концесија.
12. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Дреново“ на користење-концесија.
13. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Росоман“ на користење-концесија.
14. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Марена“ на користење-концесија.
15. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 11 „Чемерско“ на користење-концесија.
16. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 3 „Честово“ на користење-концесија.
17. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Пирава“ на користење-концесија.
18. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Мрзенци“ на користење-концесија.
19. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Погана“ на користење-концесија.
20. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 9 „Стојаково“ на користење-концесија.
21. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Соколарци“ на користење-концесија.
22. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 3 „Драгобраште“ на користење-концесија.
23. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Виница“ на користење-концесија.
24. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Тработивиште“ на користење-концесија.
25. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 2 „Симница“ на користење-концесија.
26. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Балин Дол“ на користење-концесија.
27. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 1 „Базерник“ на користење-концесија.

28. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 2 „Лесково“ на користење-концесија.
29. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 3 „Журче“ на користење-концесија.
30. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 4 „Прибилци“ на користење-концесија.
31. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Старавина“ на користење-концесија.
32. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Ивени“ на користење-концесија.
33. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Добровени“ на користење-концесија.
34. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Врањевци“ на користење-концесија.
35. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 14 „Лознани“ на користење-концесија.
36. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 15 „Добрушево“ на користење-концесија.
37.Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 17 „Мегленци“ на користење-концесија.
38. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Косел“ на користење-концесија.
39. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 6 „Мешеишта“ на користење-концесија.
40. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 7 „Белчишта“ на користење-концесија.
41. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 5 „Езерани“ на користење-концесија.
42. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 9 „Цер“ на користење-концесија.
43. Одлуката за давање на дивечот во ловиштето бр. 8 „Стрелци“ на користење-концесија.

со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријат за законодавство, да достави нов текст на информација со коригирани датуми за евалуација и аукција, како и предлог-заклучоци.

**Точка 103**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект.

**Точка 104**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект.

**Точка 105**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Промарк енерџи ДООЕЛ Скопје).

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект (Балкан рињуабл инвестментс ДОО Скопје).

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за укажаната потреба ад хок финансиска поддршка на Државниот архив за учество на работилница на Архивскиот комитет на НАТО и ја усвои Информацијата, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да ги покрие трошоците во висина од 66.196 денари за 2 (двајца) учесници на работилницата на Архивскиот комитет на НАТО во Брисел, во периодот 21-23 ноември 2022 година.

2. Дневниците и други евентуални побарувања да се регулираат преку Државниот архив на Република Северна Македонија.

3. По завршувањето на работилницата Државниот архив на Република Северна Македонија да достави извештај од реализираната работилница до Владата и Министерството за одбрана.

*
*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**